# Бутринт – Кратка историја за еден антички град

Историјата за Бутринт, градот – античка порта е еден фрагмент од историјата на Медитеранскиот свет. Античкиот град денес претставува една од најпосетените културно туристичките дестинации во регионот.

Повеќето споменици кои денес се посетуваат во овој антички град се откриени од Италијанската Археолошка Мисија предводена од Луици Мариа Уголини, кој што повеќе од 10 години работи во Бутринт (1928-1939).

Она што Бутринт го нуди денес е едно импресивно патување долж историските епохи, чиј почеток датира од 8 век пр. Хр. Некогашниот град и неговото наследство сочувал уникатни сведоштва од културите на хеленистичката, римската, византиската, венецијанската и османлиската цивилизација.

Според класичната митологија, античкиот град познат како Бутротум (Buthrotum) е основан од иселениците кои ја напуштиле Троја по паѓањето на гадот. Во епската поема Енеида латинсиот поет Вергили раскажува за Енеј кој што го посетил Бутринт на своето патување за Италија.

Податоците од неколкугодишните археолошки ископувања сведочат дека околу 4 век пр. Хр. ова античко живеалиште е опкружено со заштитни ѕидови и постепено градот се претвора во култен центар. Едно светилиште посветено на Асклепиј, богот на медицината е изградено на јужната падина на акрополот. Едне натпис од 4 век пр. Хр. (врежан на едно од седиштата во театарот), покажува дека изградбата на светилиштето е овозможена со донации на верниците. Географот Хекатеј од Милети го опишува Бутротум како една важна порта и трговски центар на главниот морски пат на Јадранот.

Во 228 година пр. Хр. Бутринт паѓа под римска власт и во првиот век пр. Хр станува дел од римската провинција Македонија. Издигнат од Јулиј Цезар, Colonia Julia Buthrotum, својот најголем развој го достигнува за време на владеењето на Август, кога се познава како Colonia Augusta Buthrotum. Градот повторно се опколува со заштитни ѕидови и се вклучува во една голема градежна програма на јавниот простор. Градот Бутринт од овој период, кој што многу се разликува од стариот центар поврзан со светилиштето на Асклепиј, опфаќа градби од секаков вид, хармови, форуми, театар реадаптиран во римски стил, фонтани, термални бањи, вили (приватни живеалишта), Од овој период датира и изградбата на новата водоводна мрежа и мостот кој ги поврзува двата брега на каналот Вивар. Во 5 век Бутринт се претвора во епископско седиште. Градот од овој период зачувал импресивни сведоштва од некогашната христијанска уметност и архитектура, како што се: крстилницата и големата базилика, градби од почетокот на 6 век. Во други делови од градот досега се пронајдени 8 други цркви, најважната од сите се наоѓа на полето Врина, на другиот брег на каналот Вивар.

На почетокот на 19 век, и покрај тоа што влезот на Бутринт изгледа како да е збогатен, овој центар сега се претвора во мало риболовно живеалиште. По течението на каналот Вивар, околу 1807 година Али Паша Тепелена ја изградил и својата тврдина, за да осигура одбрана од француските напади кои доаѓале од Крв. По неговата смрт , Бутринт потпаѓа под османлиска власт се до прогласувањето на независноста.

Истовременото присуство на историските споменици, природата и пејсажите се она што го прават Бутринт посебен. Античкиот град, прогласен за "Светско културно наследство" во 1992 од Унеско, денеска се наоѓа во рамките на Националниот Парк Бутринт. Овој Национален Парк зафаќа површина од 9424,04 хектари и од 2003 година го носи статусот на мочуришна зона со меѓународно значење – "Зона Рамсар". Зоната се карактеризира по разновидноста на флората и фауната што овде се крие. Овде се вбројуваат 800 видови на различни билки од кои 16 се сметаат за загрозени и 12 од видот на ретки. До денес, во мочуришната област Бутринт се идентификувани околу 246 видови на птици, 105 видови на риби, и 39 видови на цицачи и многу од нив се со посебен статус на заштита.





Музејот на антички град е повторно отворен во 2005 година на тврдините на акрополата и претставува еден хронолошки преглед на историјата на Бутринт, од Бронзената епоха до Средновековниот период.




Канцеларија За Управување И Координација Бутринт
Национален Парк Бутринт, Саранда, Албанија

Web:www.butrint.al, e-mail : pkbutrint@yahoo.com

РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

# НАЦИОНАЛЕН ПАРК БУТРИНТ












# Патување низ античкиот град

1. Венецијанска кула изградена во 15 и 16 век;
2. Светилиште од 4 век пр. Хр. посветено на Богот Асклепиј;
3. Античкиот театар, изграден во 3 век пр. Хр., подоцна приспособен во римски стил и опремен со римска сцена;
4. Римска термална бања од 2 век по Хр.;
5. Агора/Форум – граѓански и трговски центар во градот;
6. Гимназиум – некогашно паганско светилиште, а подоцна трансформиран во црква;
7. Приватни живеалишта (вили) во римски стил, кои подоцна во 5 век се трансфотмирани во една палата со една триаголна соба за јадење (триаголна палата);
8. Крстилница од почетокот на 6 век, со под работен во мозаик;
9. Фонтана од 2 век по Хр. посветена на Нимфите;
10. Голема Базилика – Култна градба од периодот на раното христијанство, изградена во 6 век по Хр.;
11. Порта на Езерото – една совршена хеленистичка порта од 4 век пр. Хр.;
12. Порта на Лавот – една друга порта обновена во Средновековниот период;
13. Акропола – издигната на ридот со рани траги на употреба кои датираат од 8 век пр. Хр.;
14. Венецијански замок од 14 и 16 век, обновен во 1930 година;
15. Музеј на античкиот град Бутринт.